РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBETAR NË STRUGË
Бр.Nr. 02-66/3
08.02. 2024 г.v.
СТРУГА-STRUGE

Архивски знак
Shenja Arkivore 0201
Рок на чување
Afati i ruajtjes Трајно
08.02.24 г./v.
Потпис/Nënshkrim

Врз основа на член 110 од Законот за високо образование (Сл. весник на РСМ бр. 82/18 и 178/21) и член 92 од Статутот на Меѓународниот Универзитет во Струга, Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на ден 08.02.2024 година, го донесе следниов:

# ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗРАБОТКА И ОДОБРУВАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Член 1

Со овој правилник се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми од прв и втор циклус студии, правата и обврските на внатрешно-организациските единици, Одделот за втор циклус студии и Одборите за соработка и доверба со јавноста.

Член 2

Наставно-научните совети на Единиците во рамките на Меѓународниот Универзитет во Струга (МУС), најрано 1 (една) година пред истекот на важноста на решенијата за акредитација на студиски програми отвара постапката за реакредитација/акредитација на студиски програми на прв и втор циклус на студии.

Иницијатива за акредитација на нова студиска програми на прв циклус на студии може да даде Наставно-научниот совет на секоја единица во рамките на МУС.

Иницијатива за акредитација на нова студиска програми на втор циклус на студии може да даде Наставно-научниот совет на секоја единица во рамките на МУС и/или Одделот за втор циклус на студии.

Со одлуката за отпочнување на постапката за реакредитација/акредитација се утврдува крајниот рок во којшто треба да бидат доставени елаборатите од единиците во рамките на МУС и/или Одделот за втор циклус студии до деканот на Факултетот, како истите би биле разгледани од страна на Наставно-научните совети на единиците во рамките на МУС.

Член 3

По донесувањето на Одлуката за отпочнување на постапката за реакредитација/ акредитација, Наставно-научните совети на единиците во рамките на МУС, формираат Комисии за техничко уредување и усогласување на изработените елаборати.

Комисиите имаат задача да ги изготват општите елементи заеднички за елаборатите за сите студиски програми.

Комисијата за техничко уредување и усогласување на изработените елаборати, по изработката на елаборатите од работните комисии од секоја единица во рамките на МУС има обврска да изврши нивна проверка, уредување и усогласување, како и по усвојувањето на Елаборатите од Сенатот на Универзитетот да ги подготви во согласност со барањата на Одборот за акредитација, да изврши нивно умножување и снимање на УСБ стик.

Член 4

Во текот на целиот процес на изработка на студиските програми задолжително се анализираат податоците од Извештаите за самоевалуација на соодветната студиска програма, доколку станува збор за реакредитација на студиската програма.

При изработката на студиските програми задолжително се анализираат потребите на пазарот на трудот, усогласеноста на студиските програми со потребите на општеството за дадениот профил на кадри, државните стратегии, се прибавуваат мислења од Одборот за соработка и доверба со јавноста, мислењата на студентите и на други релевантни носители на интереси (бизнис секторот, државни органи и тн.).

Член 5

По донесувањето на одлуката за започнување на постапката за реакредитација/акредитација на студиски програми на прв и втор циклус студии, Наставно-научниот совет на секоја од единиците во рамките на МУС носи одлука за структурата на студиската програма и тоа: бројот на задолжителни и изборни предмети на секоја студиска програма, како и другите обврски на студентите на студиските програми и бројот на кредити кои истите го носат.

На седница на Наставно-научниот совет, по иницијатива на наставниците од Факултетот, се утврдува листа на задолжителни/ изборни предмети од соодветната област и семестарот во кој би се одржувала наставата (парен или непарен).

Член 6

Наставно-научниот совет на секоја единица во рамките на МУС, во зависност од областа на студиската програма формира работната група за подготвување на елаборатите за студиските програми која се состои од најмалку 3 (три) претставници од единицата.

Работната група е должна да постапува во согласност со Законот за високото образование, подзаконските акти, актите на Универзитетот, како и Упатството за акредитација на студиски програми на прв/втор/трет циклус студии и Образецот на елаборат за прв/втор/трет циклус студии усвоени од Агенцијата за квалитет на високото образование и насоките од наставно-научниот совет/ Одделот за втор циклус студии.

Начинот на работа на работната група, поделбата на обврските и роковите ги утврдува работната група, при што работната група е должна да го почитува рокот за изработка на елаборатите утврден со Одлуката на Наставно-научниот совет од чл.2 на овој Правилник.

Во текот на работата работната група е должна да соработува со работните групи од другите единици.

Наставниците се должни да соработуваат и да одговараат на барањата на работните групи навремено и квалитетно.

Член 7

По изработката на елаборатот од страна на работната група, истиот се доставува до наставно-научниот совет на единицата за да биде разгледан на некоја од следните седници.

Деканот на секој Факулет во рамките на МУС е должен да го информира одговорното лице од Одборот за соработка и доверба со јавноста за потребата елаборатите да бидат разгледани на седница од Одборот за соработка и доверба со јавноста, со цел да биде прибавено нивно мислење.

По усвојување на елаборатите од страна на Наставно-научните совети на единиците во рамките на МУС, истите се доставуваат до Сенатот на Универзитетот за понатамошно постапување и одлучување.

Член 8

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето.

**ЧЛЕН НА СЕНАТ**

**Проф. д-р Гзим Селими**